**2024013362**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 38 став (1) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2024 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција напростор за детскиградинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република СевернаМакедонија за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 69.385.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република СевернаМакедонија за 2024 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А -Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- Изградба на детска градинкаво Општина Желино,
- Изградба на детска градинка во Општина Струга,
- Изградба на детска градинка во Општина Долнени,
- Изградба на детска градинка во Општина Гази Баба,
- Изградба на детска градинка во Општина Карпош и
- Изградба на детска градинка во Општина Валандово.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2021, 2022 и 2023 година за кои веќе се отпочнатипостапки за јавни набавка: градежни работи за изградба на детски градинки во општините Чаир, Могила, Свети Николе, с.Ерџелија, Битола и Делчево; доградба на детски градинки во општините Гевгелија, Карбинци и Дебар и опремување на детски градинки во општините: Чаир, Битола, Могила, Св. Николе с. Ерџелија, Дебар, Кавадарци, с. Дреново и Јегуновце, с. Вратница.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за труд и социјална политикаи доставува извештај до Владата на Република СевернаМакедонија најдоцна до 31 декември 2024 година.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република СевернаМакедонија".

Бр. 41-911/3
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.